# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2016



МОСТ 15 години
Граѓанска Асоцијација

Издаден од Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Ванчо Мицков 18б, 1000 Скопје

Република Македонија

http://www.most.org.mk

most@most.org.mk

Подготвен од: Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Скопје, април, 2017 година

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да биде користена за едукативни и други некомерцијални цели со наведување на изворот. Секоја репродукција мора да биде одобрена од Граѓанска асоцијација **МОСТ**.

**ВОВЕД** ....................................................................... 4

**ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ** ..................................... 5

ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР" ..................................... 5

**ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ** ............... 7

ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА" ............................................. 7

ПРОЕКТ: „МЕДИА ПЛАТФОРМА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ" ......................... 10

**ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ..................... 13

ПРОЕКТ: „ПАТОКАЗ КОН СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ 2016" ................13

ПРОЕКТ: „ ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2016" ................................................ 16

ПРОЕКТ: „ ВКЛУЧЕНИ ГРАЃАНИ ЗА ОТВОРЕНО И ТРАНСПАРЕНТНО СОБРАНИЕ" ........................................................................ 19

ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ" ................................................... 21

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ** ............................................................. 24

ПРЕДЛОГ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ .................................. 24

**МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА** ................................. 25

ЕНЕМО..........................................................................25

**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ** ........................................ 25

**УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ** ................. 25

**СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА** ................................................. 25

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**..........................................................................26

**ЗА МОСТ** ............................................................................ 38

# ВОВЕД

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во текот на 2016-та година.

Оваа година се одржаа предвремените парламентарни избори кои беа набљудувани од Граѓанската асоцијација **МОСТ,** со што организацијата придонесе кон зголемување на нивната транспарентност.

Во текот на 2016-та година продолжија да се спроведуваат проектите „Правен ресурсен центар – Право.орг.мк", "Право да знаеш", "Патоказ кон слободни и фер избори и демократски реформи" и „Патуваме во Европа", а беа започнати проектите „Медиа платформа за застапување" и "Вклучени граѓани за отворено и транспарентно собрание".

Во рамките на проектот „Право да знаеш" беа организирани обуки на студенти за презентирање на веб страницата и нејзините можности. Исто така беа подготвени и објавени анализи кои презентираа дел од податоците на сајтот од значење за граѓаните со што проектот ја исполни својата цел да го насочува јавниот дискурс кон теми од општествено значење.

Граѓанската асоцијација **МОСТ**, во рамките на проектот "Вклучени граѓани за отворено и транспарентно собрание", поднесе вкупно 73 барања за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на РМ, и тоа за: усвоени записници и извештаи од седниците на комисиите, стенографски белешки од завршените седници на Собранието и записници од одржаните јавни и надзорни расправи во периодот 1 јули 2016 – 17 октомври 2016 година.

Во текот на 2016 година претставник на Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше во работата на Генералното собрание на ЕНЕМО, кое се одржа 27-28 Февруари во Тбилиси, Грузија.

Во рамките на "Вториот форум на граѓански организации набљудувачи на избори" кој се одржа во Брисел 14-17 септември 2016 година, Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше свој претставник и воведничар на сесијата "Соработка и комуникација со институциите на системот".

Во рамките на проектот "Патоказ кон слободни и фер избори" се спроведе сеопфатен мониторинг на периодот пред распишувањето на предвремените парламентарни избори за 2016 година, спроведување на кампања за подигнување на свеста на граѓаните во врска со правото на глас и обезбедување поддршка на реформата на изборниот процес.

Од сето ова, може да се заклучи дека 2016-та г. беше успешна година во која **МОСТ** продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократската култура во Македонија и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери.

# ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“

PRAVO.org.mk

*Бесплатниот пристап до законодавството во многу европски земји е востановена практика, додека пак во нашата држава претставува финансиско оптоварување за граѓаните и компаниите.*

### Основна цел на проектот

Основна цел на Правниот ресурсен центар е да обезбеди брз, лесен и бесплатен пристап до законите донесени од Собранието на Република Македонија, одлуките на Уставниот суд и судската практика на Врховниот суд на Република Македонија.

### Активности и постигнати резултати

Проектот започна да се имплементира во 2004-та година, и оттогаш се разви во водечки ресурс во сферата на граѓанските услуги поврзани со законодавството и информирањето.

Порталот http://www.pravo.org.mk е уникатен, лесно достапен и бесплатен ресурс којшто на граѓаните им дозволува пристап до целокупното законодавство на Република Македонија и до голем број анализи на закони и судска практика, како од Врховниот суд на Република Македонија, така и од Европскиот суд за човекови права.

До повеќето од овие законодавни документи граѓаните може да обезбедат пристап и преку Службен весник на Република Македонија, но за таа услуга се наплаќа определена сума која не може да си ја дозволи секој граѓанин. Идејата започна да се развива и продолжи да се имплементира поради разбирањето на потребата секој граѓанин во Македонија да биде информиран за промените во законодавството, а преку тоа да може да учествува во процесот на донесување одлуки. Законите го регулираат секојдневието на граѓаните и тие имаат право да имаат бесплатен пристап до нив. Потребата од овој портал е јасно видлива од показателите и повратните реакции од корисниците.

Во текот на 2016-та година се регистрирале 3,670 корисници со што вкупниот број на корисници ја достигна бројката од 88.991. Просечниот број на дневни посети на порталот изнесува 2.239.

Во овој период, на порталот беа објавени 50 нови закони, како и 246 измени и дополнувања на закони и 1 одлуки на Уставниот суд на РМ.

Од креирањето на порталот во 2004-та г. заклучно со 31.12.2015 г. вкупно се објавени: 1.575 закони, 3.108 измени и дополнувања на закони, 420 одлуки на Уставниот суд на РМ, 165 пресуди на Врховниот суд на РМ, 2.503 пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права во кои како тужена страна се јавува Република Македонија и 38 анализи на правни прашања. Вкупно се направени 9.970.006 преземања на содржините од порталот.

## ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

### ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА“



**Цел на проектот**

Проектот “Патуваме во Европа” има за цел да им овозможи патување во Европа на најдобрите студенти преку кое тие ќе имаат можност да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

**Активности и постигнати резултати**

Во 2016 година, 12 претставници на најдобрите студенти во завршните години на студии еден месец бесплатно патуваа низ Европа. Дел од оваа група беа истакнати студенти, активни во рамките на своите универзитети, како и во повеќе младински организации.

Сеќавајќи се на патувањето Сашка Стефановска ќе напише: „Ја искусив Европа со сиот диверзитет, енергични градови, ги проширив моите хоризонти, запознав различни луѓе и се сретнав со стари пријатели, скршив стереотипи и сфатив дека луѓето сеуште се љубезни и добри едни кон други. Иако сите градови што ги видов имаат посебно место во моите спомени, всушност беа токму луѓето кои го направија ова патување едно незаборавно искуство. Некогаш дури и најобичните работи можат да се направат извoредни, само кога ги правиш со вистинските луѓе. Верувам во колекцијата на отпечатоци на прсти што ги собираш од се на светот што си допрел, а мојата ќе продолжи да расте зошто моето срце му припаѓа на светот, па затоа патуваме, некои од нас засекогаш, за да се најдеме себе, други места и други души.“

Ова беше десетта година по ред како Граѓанската асоцијација МОСТ го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен јавен конкурс, а

потоа се изврши селекција на најдобрите кандидати кои беа рангирани според однапред утврдени критериуми, се со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина го заслужуваат тоа.



Сите 12 македонски студенти своето патување го започнаа во Берлин, каде три дена се дружеа со околу 200 студенти од целиот регион, кои исто така беа дел од проектот. Во рамките на својот престој во Берлин студентите имаа можност да ги посетат најпознатите знаменитости на градот, но и да поразговараат и да разменат искуства со активисти од Германија.

По престојот во Берлин секој од студентите имаше можност сам да избере што сака да види, каде сака да патува и каде сака да ја промовира сопствената земја. За време на своето едномесечно патување студентите ја ширеа културата на дијалог и размена на различни искуства, а воедно ја запознаваа Европа и нејзините граѓани со младите од Македонија. За разлика од минатите години, оваа покрај настанот во Берлин за дел од студентите беше организиран и дводневен настан во Братислава, со кој студентите го завршија своето патување низ Европа. Тамо тие имаа можност заедно со студентите од останатите држави да ги разменат своите искуства од патувањето низ Европа.

По нивното враќање, беше организирана изложба на фотографии кои студентите ги направија за време на патувањето. Во рамките на изложбата, исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите доживувања. За најдобриот есеј, како и за најдобрата фотографија беа обезбедени симболични награди.




Дополнителна вредност на проектот е што истиот допринесе за позитивно претставување на Македонија на обичните граѓани на ЕУ. Секој студент дистрибуираше брошури во кои беа претставени значајни знаменитости од Македонија, кои беа обезбедени од страна на Националната агенција за развој и поддршка на туризмот.

Досега преку проектот „Патуваме во Европа" повеќе од 150 студенти имаа можност да ја истражат Европа.

**Донатори**

Овој проект финансиски беше поддржан од Фондацијата Роберт Бош преку Балканскиот фонд за демократија (BTD), а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

## ПРОЕКТ: „МЕДИА ПЛАТФОРМА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ“




Проектот ги промовира заедничките напори на локалните граѓански организации и новинарите и ги поврзува со носителите на одлуки со цел да се решат прашањата и проблемите на локалната заедница. Проектот започна да се имплементира на 15 јануари 2016 г., а истиот ќе трае се до јули 2018 г.

### Цел на проектот

Општа цел на проектот **Медиа Платформа за застапување** е да даде придонес кон овозможувачка околина за квалитетно истражувачко новинарство и зајакнување на соработката меѓу медиумите и граѓанските организации за зголемување на нивното влијание врз јавните политики и процесот на донесување одлуки

### Покрај општата цел, проектот има и 3 специфични цели:

1. Да се придонесе кон овозможувачка околина за истражувачко новинарство, врз основа на слободен и лесен пристап до веродостојни извори на информации и давање можност за придонес од страна на граѓанските организации и граѓаните.

2. Да се обезбеди можност за поврзување и зајакнување на клучните чинители, преку истакнување на нивната улога во застапувањето за проблемите на заедницата

3. Да се зголеми интегритетот и капацитетот на медиумите и граѓанските организации и да им се овозможи да работат заедно кон дефинирање на

приоритетите и да се изврши притисок врз носителите на одлуки за решавање на проблемите во заедницата

**Активности и постигнати резултати**

***<u>1. Создавање и промовирање на алатки за овозможувачка околина за истражувачко новинарство (веб платформи)</u>***

Креирани беа две платформи кои се наменети да бидат место кое ќе го користат новинарите кога ќе бараат податоци за различни состојби во општеството, а истовремено ќе обезбедат и можност за придонес од страна на граѓаните.

GetData.mk - содржи линкови до најважните институции и нивните бази на податоци, како и насоки за добивање на податоци од јавно достапни извори.










ПријавиБариера – која е креирана со цел граѓаните да пријават проблеми со кои се соочуваат, пред се во комуникацијата со институциите. Граѓаните можат да пријават бариери во неколку категории, како на пр.:

- Проблеми при започнување и водење бизнис
- Комплицирани и нејасни процедури
- Проблеми при обезбедување на потребни официјални документи
- Несоодветна законска регулатива
- Неефикасност (непостапување) на институциите / вработените
- Високи даноци
- Друго

Дополнително со цел да приближат стандардите за истражувачко новинарство кон новинарите и граѓанските организации од Македонија, беа снимени и две видеа од кои едното беше снимано во форма на документарец во весникот Дер Шпигел во Германија.

## ***2. Спроведување на регионални обуки за застапување***

Регионалните обуки за застапување се место каде се поврзуваат и споделуваат различни локални искуства. Истите се и место каде ќе се создадава синергија меѓу новинарите, невладините организации, граѓаните и локалните власти.

Во рамките на обуките учесниците новинари и претставници од локалните граѓански организации ги промовираат и најдобрите практики, ги развиваат вештините на локалните новинари за истражувачко новинарство, планирање на заеднички кампањи за застапување и сл.

Во рамките на проектот е планирано да се одржат 8 регионални обуки во сите 8 плански региони.

Во 2016 г., беа одржани вкупно 3 обуки и тоа во Вардарскиот, Североисточниот и Полошкиот регион. На обуките беа присутни повеќе 75 учесници, вклучувајќи новинари, претставници од граѓански организации и општините од регионите во кои беа одржани обуките.

## ***3. Доделување на грантови за заеднички кампањи за застапување***

За 2017 година планирано е да се доделат грантови за заеднички кампањи за застапување на организации и новинари.

**Партнери**

- Институт за мас-медиуми, образование и комуникација
- Нова ТВ

**Донатор**

Проектот е финансиран од Европската унија преку ИПА програмата за граѓанското општество и медиуми 2014.

# ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ПРОЕКТ: „ПАТОКАЗ КОН СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ 2016"

Проектот започна да се спроведува на 1 декември 2015, и заврши во Јуни 2016 г.

Тој предвидуваше сеопфатен мониторинг на периодот пред распишувањето на предвремените парламентарни избори 2016 година, спроведување на кампања за подигнување на свеста на граѓаните во врска со правото на глас и обезбедување поддршка на реформата на изборниот процес.

Граѓанската асоцијација **МОСТ** го имплементираше овој проект преку своите 18 регионални канцеларии со 80 набљудувачи, во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи – Гостивар, Центарот за економски анализи, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" и Младинскиот културен центар – Битола, а во соработка со Народниот правобранител.

**Цел на проектот:**

Придонес кон воспоставување основа за подобрување на изборниот процес и враќање на довербата на граѓаните во демократските процеси.

**Специфични цели на проектот:**

- Придонес кон враќање на довербата на граѓаните во демократските процеси;
- Подигнување на свеста на граѓаните за заштитата на правото на глас;
- Придонес кон подобрување на процесот на решавање на спорови во врска со изборите;
- Зголемување на транспарентноста на проверката на Избирачкиот список и придонес кон зголемување на квалитетот на неговите податоците.

**Проектни активности:**

- Следење на исплатата на субвенции;
- Следење на инциденти од меѓуетничка природа во предизборниот период;
- Мониторинг на реформите во јавната администрација во однос на Законот за трансформација во редовен работен однос;
- Следење на притисоци, закани и заплашувања врз администрацијата, граѓаните и младите;
- Промоција на механизмите за заштита на избирачкото право;
- Следење на злоупотреба на деца во политички цели;
- Спроведување на кампања за важноста на избирачкото право;
- Воспоставување на стандарди во процесот на одлучување по приговори и тужби од страна на ДИК и Управниот суд;
- Набљудување на проверката на Избирачкиот список.
- Промотивни активности на политичките партии,
- Промотивни активности на институциите и претпријатијата,
- Кривични дела поврзани со повредата на избирачкото право
- Употреба на државни ресурси.

Имплементацијата на проектот ги даде следниве резултати:

- 3 извештаи/ анализи за исплатата на субвенциите во земјоделството беа развиени од страна на Центарот за Економски Анализи
- 3 извештаи/ анализи за инциденти од меѓуетничка природа беа развиени од страна на АДИ Гостивар
- Примени и обработени се 714 неделни извештаи, подготвени од страна на набљудувачите на **МОСТ** поврзани со проектните активности
- Примени и обработени се 1601 посебен извештај, подготвени од страна на набљудувачите на **МОСТ** поврзани со набљудувањето на севкупниот политички контекст пред изборите
- Примени 60 пријави од страна на граѓаните поврзани со нарушување на правото на глас




- Развиено и промовирано видео "Твојот глас е твое право", со фокус на фактот дека гласањето е право на граѓаните и никој нема право да одлучува за кого ќе гласаат граѓаните
- Во текот на спроведувањето на овој проект Граѓанската асоцијација **МОСТ** одржа 6 прес конференции, даде 13 изјави за медиуми и објави 3 соопштенија за јавноста поврзани со Избирачкиот список и работата на Државната Изборна Комисија.
- Креирана база на податоци, www.izbornapravda.mk, во која се содржани 600 одлуки на Државната Изборна Комисија и 450 одлуки на Врховниот Суд и Управниот Суд поврзани со изборните нерегуларности за периодот од 2008 до 2014 година. По финализирањето на оваа база на податоци со меморандумот за соработка потпишан на 2 февруари 2017 година, Државната изборна комисија во целост ја презеде интернет страната. Со ова и овој значаен ресурс го најде своето место во рамките на системот во РМ и ја постигна својата цел а тоа е институционална и финансиска одржливост.

Како продолжение на гореспоменатиот проект, а во рамките на новокреираната програма "Патоказ кон демократски реформи", во периодот септември - декември 2016 година (вклучувајќи го и периодот на изборната кампања) Граѓанската асоцијација **МОСТ** преку своите 18 регионални канцеларии и 80 набљудувачи ја спроведе II фаза од проектот кој вклучуваше спроведување на следниве активности:

- Следење на инциденти од меѓуетничка природа во предизборниот период во соработка со АДИ од Гостивар;
- Промоција на механизмите за заштита на избирачкото право;
- Набљудување на спроведувањето на кампања за важноста на избирачкото право;
- Набљудување на проверката на Избирачкиот список.
- Набљудување на промотивни активности на политичките партии,
- Набљудување на  промотивни активности на институциите и претпријатијата,

- Набљудување на кривични дела поврзани со повредата на избирачкото право
- Набљудување на употреба на државни ресурси

Имплементацијата на проектот во овој период ги даде следниве резултати постигнати од страна на набљудувачите на **МОСТ**:

- Примени и обработени се 2523 извештаи за спроведени промотивни активности на политичките партии
- Примени и обработени се 503 извештаи за спроведени промотивни активности на институции и јавни претпријатија
- Примени и обработени се 45 извештаи за Кривични дела поврзани со повредата на избирачкото право
- Примени и обработени се 5 извештаи за инциденти од меѓуетничка природа
- Примени и обработени се 1033 дневни извештаи подготвени од страна на набљудувачите на МОСТ
- Развиени и промовирани две видеа: "Твојот глас е твое право! Не должиш никому ништо", со фокус на одвојување на државата од партијата, и "Митови за гласањето", со фокус на фактот дека не постои начин да се открие за кого гласал граѓанинот на избирачкото место.

**Донатори**

Овој проект е поддржан од Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија УСАИД преку Националниот демократски институт и Националниот фонд за демократија.

## ПРОЕКТ: "ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016"




### Цел на проектот

Зголемување на транспарентноста на изборниот процес, преку вклучување на граѓаните во истиот како домашни набљудувачи.

### Специфични цели на проектот

- Да обезбеди учество на граѓаните во процесот на непартиското набљудување на изборите;
- Да се почитува владеењето на правото и човековите права при спроведување на гласањето на избирачките места;
- Да ја подигне свеста кај граѓаните за нивните права и обврски поврзани со Избирачкиот список и изборниот процес.

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша Предвремените парламентарни избори на 18-ти октомври 2016 г.

Во Избирачкиот список беа запишани 1.784.416 избирачи, односно само 4.288 избирачи повеќе во однос на предвремените парламентарни избори одржани во 2014-та година.

На изборите учествуваа 6 политички партии и 5 коалиции, што е најмалку во досегашната парламентарна историја на РМ

### Активности

- Воспоставување на мрежата за имплементација на проектните активности;
- Редовни брифинзи со регионалните координатори;
- Набљудување на политичкиот контекст;
- Набљудување на работата на Државната изборна комисија (ДИК) и општинските изборни комисии (ОИК)
- Набљудување на изборната кампања
- Регрутирање, тренинг и распоредување на набљудувачи;

- Набљудување на предвременото гласање на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор
- Набљудување на изборниот ден со статични набљудувачи, мобилни тимови и набљудувачи во ДИК и ОИК
- Спроведување на PVT програма
- Набљудување на постизборниот период (процесот на поднесување на приговори и тужби);
- Анализирање на извештаите и информирање на јавноста.

Изборите беа набљудувани од страна на 7.605 домашни набљудувачи (од кои Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше акредитирано 3.599 граѓани), 642 странски набљудувачи и 98 странски новинарски екипи.

За гласањето на 11 декември **МОСТ** распореди 2.669 набљудувачи кои покрија околу 56% од вкупниот број на избирачки места во кои се спроведе гласање (3.415) во сите општини и градот Скопје. Набљудувачите беа статични и беа распоредени на избирачките места во текот на целиот изборен ден. Покрај статичните набљудувачи, беа распоредени и 120 мобилни тимови составени од 2 набљудувачи (вкупно 240 набљудувачи). Набљудувана беше и работата на ОИК (80 набљудувачи) и ДИК (1 набљудувач).

Гласањето на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор кое беше спроведено на 10 декември 2016 година беше набљудувано од страна на 114 набљудувачи на **МОСТ**.

За време на изборната кампања, **МОСТ** преку своите набљудувачи проследи вкупно 1.319 настани организирани од политичките субјекти, меѓу кои и 115 митинзи и 598 средби со граѓани.

Сите набљудувачи проследија обука за домашно набљудување на избори, а исто така им беа поделени и потребни материјали за набљудувањето: Прирачник за домашно набљудување на изборите, формулари за известување, пенкало, маица, и акредитации издадени од ДИК и **МОСТ**. Обуката на набљудувачите беше организирана од страна на регионалните координатори на **МОСТ** во соодветните регионални канцеларии.

Седниците на ДИК и на ОИК во текот на целиот процес беа предмет на набљудување. Преточено во бројки, вкупно 39 39 од вкупно одржани 50 седници на ДИК и 167 седници/работни состаноци на ОИК беа набљудувани. Исто така набљудувани беа и обуките спроведени за целата изборна администрација. Покрај тоа, беше набљудуван и процесот на поднесување на приговори и тужби за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето.

На 25-ти декември се спроведе прегласување на избирачкото место 2011 во општина Теарце. За прегласувањето беа распоредени 2 набљудувачи кои го следеа гласањето на самото гласачко место, како и 4 мобилни тимови кои ја набљудуваа ситуацијата околу гласачкото место.

## Медиумска активност

За време на изборниот процес **МОСТ** организираше 9 прес конференции. 3 прес конференции беа одржани пред Изборниот ден, 5 прес конференции беа одржани на самиот изборен ден и една прес конференција беше одржана за промоција на Прелиминарната изјава. Дополнително, **МОСТ** објави и 3 соопштенија за јавност поврзани со повикот за пријавување на граѓаните за набљудување, промоција на интернет страната www.neregularnosti.most.org.mk и за повтореното гласање во Теарце.







## Донатори

Проектот беше спроведен со поддршка од Британската амбасада во Македонија, УСАИД преку Националниот демократски институт, Швајцарската агенција за развој и соработка, Амбасадата на Кралството Холандија и Националниот фонд за демократија.

## ПРОЕКТ: "ВКЛУЧЕНИ ГРАЃАНИ ЗА ОТВОРЕНО И ТРАНСПАРЕНТНО СОБРАНИЕ"

Проектот се спроведува во периодот 1 јули 2016 – 31 март 2018.

**За проектот**

Проектот произлегува од потребата за одговорност и транспарентност на Собранието како највисок орган во државата и носител на законодавната власт.

**Цел на проектот**

Целта на проектот "Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание" е подобрување на работата на Собранието преку вклучување на граѓаните во информирана дебата за улогата на Собранието и изборните реформи.

Крајната цел е придонес кон суштинска дебата за законските решенија, преку вклучување на сите засегнати страни во процесот, што би придонело и кон подобрување на Индексот на продуктивност на Собранието во иднина.

**Активности и постигнати резултати**

Проектот се фокусира на подготовка на Индекс на одговорно, транспарентно и продуктивно Собрание, која ќе се мери преку три сегменти:

1. ***Анализа на законодавните постапки и фреквенција на изменување на законите преку:***

- донесени закони и донесени измени на закони;
- донесени закони по предлагач;
- донесени закони по постапка на донесување;
- преглед на законите кои се донесени заради хармонизирањето на домашното право со правото на ЕУ;
- закони за кои е донесена одлука од страна на Уставниот суд.

2. ***Работата на комисиите ќе се следи од аспект на 4 сегменти:***

- Транспарентност на работата на комисиите;
- Квалитет на записниците од седниците на комисиите;
- Вклученост на засегнатите страни на седниците на комисиите;
- Број на разгледани закони на седниците на комисиите.

***3. Придонесот на пратениците во работата на комисиите и Собранието ќе се оценува преку следните под-критериуми:***

- Присуство на пратениците на седниците на комисиите;
- Дискусии на пратениците на седниците на комисиите;
- Начин на гласање на пратениците на седниците на комисиите;
- Поднесени иницијативи за одржување на јавни и надзорни расправи;
- Застапување на мислења/препораки од релевантни граѓански организации;
- Поднесени предлог-закони;
- Поднесени амандмани на предлог-закони;

- Начин на гласање на пленарна седница.

За потребите на мониторингот Граѓанската асоцијација **МОСТ** поднесе вкупно 73 барања за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на РМ, и тоа за: усвоени записници и извештаи од седниците на комисиите, стенографски белешки од завршените седници на Собранието и записници од одржаните јавни и надзорни расправи во периодот 1 јули 2016 – 17 октомври 2016 година.

Барањата се однесуваа на три периоди, и тоа: од 01.07.2016 до 31.08.2016 година, од 01.09.2016 до 30.09.2016 и од 01.10.2016 до 17.10.2016.

За добивање на дополнителни податоци за потребите на проектот беа користени официјалната веб-страница на Собранието на РМ (www.sobranie.mk), веб-страницата www.pravo.org.mk и официјалната веб-страницата на „Службен весник на Република Македонија" (www.slvesnik.com.mk).

Во рамките на проектот ќе се подготвуваат месечни извештаи кои ќе претставуваат сублимат на резултатите од мониторингот и ќе ја информираат јавноста, медиумите и граѓанските организации за работата на пратениците, како и за начинот на кој Собранието ја извршува својата улога регулирана со Уставот.

Извештаите ќе се објавуваат на веб-страницата http://otvorenosobranie.mk/ која ќе содржи и дополнителни информации и податоци за работата на Собранието.

Секој од месечните извештаи ќе содржи осврт на најважните политички настани кои ќе имаат влијание врз работата на Собранието во периодот кој е предмет на соодветниот извештај. Исто така ќе содржи и информации за позначајните политички случувања во Собранието коишто ќе имаат влијание врз неговата работа.

Како резултат на мониторингот ќе биде подготвен Извештај од Индексот на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието на РМ за периодот 1 јули 2016 – 17 октомври 2016 година.

Во рамките на проектот предвидено е подготовка на видеа во кои ќе се пренесат резултатите од извештајот како и транспарентноста и продуктивноста на Собранието и отворање на дебата за улогата на Собранието во постапката за донесување на закони и потребата од вклучување на сите засегнати страни во истата.

**Донатори**

Проектот „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание" е финансиски подржан од Британска амбасада Скопје.

## ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ“




Проектот започна да се спроведува од август 2012-та година и презентираше прашања од јавен интерес преку реално и методолошко прибирање на статистички и веродостојни податоци.

Исто така, преку иновативен начин на презентирање на податоците проектот имаше за цел да ги информира и активира граѓаните, граѓанските организации, новинарите, блогерите и останатите чинители во општеството. Последната фаза од проектот започна да се спроведува во август 2014 г.

Поради политичката криза, во септември 2015 г. проектот беше ставен во мирување, истиот продолжи да се спроведува од септември 2016 г. и заврши на 15 декември 2016 г.

### Основна цел на проектот

Основната цел на проектот е да придонесе кон поинформирано и посилно граѓанство.

### Специфични цели на проектот

- Функционален интернет ресурс кој преку користење и вкрстување на официјални статистички податоци и податоци добиени со истражувања, на визуелен и лесен за користење начин, цели кон различни чинители и групи на граѓани.
- Зголемен обем на податоци споделени со граѓаните за аргументирана јавна дебата и креирање на јавниот дискурс на национално, регионално и локално ниво.
- Зголемено ниво на употреба на отворените податоци од страна на општествените чинители/граѓаните преку: истражувања на прашања од јавен интерес по барање на граѓаните, активности за градење на капацитетите на заедницата и промотивна кампања.

**Активности и постигнати резултати**

Процесот на прибирање на податоци се вршеше преку интернет истражување и испраќање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателите на информации. Базите со податоци се креираа единствено со официјални податоци од државни органи, институции и единиците на локалната самоуправа.

Во текот на 2016 г. се продолжи со објавување на податоци кои ги презентираа состојбите во различни општествени сфери.

Беа организирани 6 обуки на факултети за презентирање на веб страницата и нејзините можности. На обуките им беше презентирана веб страната, нејзиното функционирање и начинот на користење на алатките кои се наоѓаат на веб страната. Обуките имаа за цел да се презентира едноставна алатка која ќе им го поедностави истражувањето преку пребарување на соодветни статистички информации.





Беа одржани и 23 отворени настани во универзитети и средни училишта со цел понатамошна промоција на веб страната.









Исто така, беа подготвени и објавени 30 анализи како и 3 рангирања во општини по категории, достапни на македонски, англиски и албански јазик, кои презентираа дел од податоците на сајтот од значење за граѓаните со што проектот ја исполни својата цел да го насочува јавниот дискурс кон теми од општествено значење.

На веб страната беше поставена нова категорија за Новости, на која беа објавени 90 артикли преземени од различни медиуми и државните органи.




**Интернет страница:** http://pravodaznaes.mk

**Донатори**

Проектот беше спроведен со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија.

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## ПРЕДЛОГ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ

Во текот на 2016 г. **МОСТ** беше дел од група на граѓански организации, научни работници и независни експерти кои го подготвија документот „Предлог за итни демократски реформи“.

Целта на документот беше да даде поттик, насоки и детални активности кои се неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, за постигнување напредок во одредени области од јавните политики, како и за враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции. Областите на јавни политики се: јавни финансии и економија; правосудство; борба против корупцијата; избори и изборен систем; медиуми; јавна администрација; контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање; Собрание; граѓанско општество; социјална заштита, благосостојба и одржливост; образовани и младински политики и животна средина.

Непосредна цел на документот беше да придонесе за создавање на неопходните услови за слободни, фер и кредибилни избори, преку предлагање на мерки за имплементирање на клучни реформски приоритети.
**МОСТ** даде свој придонес во поглавјето Избори и изборен систем, како и во поглавјето Собрание, а исто така беше задолжен и за организацијата и логистиката.

Оваа иницијатива не беше дел од формален проект, ниту пак беше поддржана со финансиски средства.

# МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

## ЕНЕМО

Граѓанската асоцијација **МОСТ** е членка на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) од октомври 2004 г.

Во текот на 2016 година претставник на Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше во работата на Генералното собрание на ЕНЕМО, кое се одржа 27-28 Февруари во Тбилиси, Грузија.

На истото собрание беа присутни и 21 претставник на организациите членки на мрежата. Во рамките на ова собрание покрај дискусијата за тековните работи поврзани со работата на ЕНЕМО, беше донесена одлука Тбилиси да биде локација за отворање на Извршната канцеларија на ЕНЕМО во согласност со Стратешкиот план на ЕНЕМО. Исто така, организацијата ОПОРА од Украина беше примена за нова членка на мрежата.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Во рамките на "Вториот форум на граѓански организации набљудувачи на избори" кој се одржа во Брисел 14-17 септември 2016 година, Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше свој претставник и воведничар на сесијата "Соработка и комуникација со институциите на системот".

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ

Март 2016 година - во рамките на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ ОДИХР на Предвремените парламентарни избори во Казахстан, **МОСТ** учествуваше со 1 набљудувач.

## СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА

Септември 2016 година – 2 претставника на **МОСТ** учествуваа на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ЕНЕМО, во Тбилиси, Грузија;

Ноември 2016 година - претставник на **МОСТ** учествуваше на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Белград, Република Србија.

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2016**
**и**

**Извештај на независниот ревизор**

Април 2017, Скопје

## СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР | 1 - 2 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | |
| Биланс на приходи и расходи | 3 |
| Биланс на состојба | 4 |
| Извештај за промени во деловниот фонд | 5 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 6 - 12 |

BDO

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Македонија

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „Граѓанска асоцијација МОСТ“ (во понатамошниот текст Организацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2016 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.



БДО ДОО Скопје е трговско друштво основано во Република Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. БДО ДОО Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.
БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „Граѓанска Асоцијација МОСТ" Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Организацијата на ден 31 декември 2016, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 25 Април 2017 година

Овластен ревизор
Драган Димитров

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ Скопје**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016 и 2015**
**во илјади денари**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Приходи од членарини и донации | 4 | 34.846 | 11.745 |
| Останати приходи | 5 | 7 | 48 |
| Вишок на приходи од претходни години | | 8.377 | 10.147 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **43.230** | **21.940** |
| Оперативни расходи | 6 | (9.876) | (6.841) |
| Интелектуални и други услуги | 7 | (21.079) | (4.231) |
| Капитални расходи | 8 | (571) | (48) |
| Трошоци за вработени | 9 | (4.729) | (2.443) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(36.255)** | **(13.563)** |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување** | | **6.975** | **8.377** |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | **6.975** | **8.377** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Организацијата и се потпишани во нејзино име од страна на:

Извршен директор
Дарко Алексов

ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ Скопје

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**Со состојба на 31 декември 2016 и 2015**
**во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2016 | 31 декември 2015 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 10 | 839 | 334 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **839** | **334** |
| **Тековни средства** | | | |
| Останати тековни побарувања | 11 | 309 | 845 |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 7.284 | 8.390 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.593** | **9.235** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **8.432** | **9.569** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | | 839 | 334 |
| Вишок на приходи над расходи | | 6.975 | 8.377 |
| **Вкупно Деловен фонд** | 13 | **7.814** | **8.711** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите | 14 | 618 | 852 |
| Останати краткорочни обврски | 15 | - | 6 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **618** | **858** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **8.432** | **9.569** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД**
**за годината која завршува на 31 Декември 2016 и 2015**
**во илјади денари**

| | Деловен фонд | Разлика меѓу прих. и расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2015** | **507** | **10.147** | **10.654** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (10.147) | **(10.147)** |
| Набавени основни средства | 48 | - | **48** |
| Амортизација | (221) | - | **(221)** |
| Вишок на приходи над расходи | - | 8.377 | **8.377** |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **334** | **8.377** | **8.711** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (8.377) | **(8.377)** |
| Набавени основни средства | 662 | - | **662** |
| Амортизација | (157) | - | **(157)** |
| Вишок на приходи над расходи | - | 6.975 | **6.975** |
| **Состојба на 31 декември 2016** | **839** | **6.975** | **7.814** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016**

**сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ФОНДАЦИЈАТА

Граѓанската Асоцијација МОСТ е основана на 09.05.2002 година според Законот за граѓански асоцијации и фондации (Службен Весник на РМ бр.31/98).

Граѓанската Асоцијација МОСТ е основана во мај 2002, пред Парламентарните Избори, од претставници на 20 домашни невладини организации кои го конституираа Собранието на МОСТ. Мисијата на МОСТ е да изгради подемократско, стабилно и просперитетно општество преку вклучување на граѓаните во активностите и програмите кои овозможуваат одговорност, транспарентност и отвореност на владините, политичките и изборните институции кон вистинските потреби на граѓаните.

Органи на управување на Организацијата се: Собрание, Извршен орган - одбор, Извршен директор и Совет.

Целите на Организацијата се:

- Едукација на граѓаните и зголемување на нивната вклученост во граѓанските, владините и политичките процеси во Македонија;
- Зголемување на отвореноста на граѓанските, владините и политичките институции кон потребите на граѓаните;
- Зголемување на посветеноста кон нивото на одговорност и транспарентност на целото општество.

Мисијата и целите на Организацијата се остваруваат преку следниве активности:

1. Отворени институции
2. Едукација и вклучување на граѓаните
3. Одговорност и транспарентност

Седиштето на Асоцијацијата е лоцирано во Скопје, на ул. Ванчо Мицков бр.18Б Скопје. Вкупниот број на вработени на 31 декември 2016 е 7 лица (31 Декември 2015 - 5 лица).

## 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Организацијата се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа објавени во Република Македонија, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.
Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст.

### 3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.
Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 3.2 Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. За вредноста на набавените средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Организацијата.

Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјални и нематеријални вложувања) се врши поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриските производи. Основица за ревалоризација претставува набавната вредност на средствата.

Ревалоризационата вредност на средствата се утврдува по пат на индексирање.

### 3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријални средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд.

Употребените годишни стапки на амортизација за 2016 година, кои ги применува Организацијата изнесуваат: 20% за компјутерска опрема, 16% за клима уреди и 20% за компјутерски софтвер.

Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

### 3.4 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите, односно расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите, односно расходите се расположливи кога се остварени, односно кога настанале (се наплатени т.е. платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 3.5 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Средните (заклучните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

| | 2016 | Во денари 2015 |
|---|---|---|
| EUR | 61,4812 | 61,5947 |
| USD | 58,3258 | 56,3744 |
| CHF | 57,2504 | 56,9583 |

ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ Скопје

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016**

**сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 34.846 | 11.745 |
| **Вкупно** | **34.846** | **11.745** |

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

Во текот на 2016 и 2015 година остварени се приходи од следните донатори:

| | Донатор | Износ 2016 | Износ 2015 |
|---|---|---|---|
| 1 | The German Marshal Fund of the United States | 788 | 815 |
| 2 | Embassy of Great Britain and Northern Ireland | 11.357 | 2.698 |
| 3 | Embassy of Switzerland | 2.000 | 18 |
| 4 | Royal Norwegian Embassy in Beograd | - | 63 |
| 5 | European Commission | 5.683 | - |
| 6 | Embassy of Kingdom of Netrerlands | 2.466 | 3.495 |
| 7 | NDI - National democratic institute | 8.809 | 1.669 |
| 8 | National endowment for democracy | 3.057 | 2.987 |
| 9 | Kommission des komunautesrue | 686 | - |
| | **Вкупно** | **34.846** | **11.745** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Приходи од финансирање | 3 | 43 |
| Останати приходи | 4 | 5 |
| **Вкупно** | **7** | **48** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016**

**сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 6. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 1.422 | 106 |
| Комуналии и телекомуникациски услуги | 4.448 | 2.798 |
| Транспортни услуги | 201 | 1.031 |
| Наемнини | 1.385 | 883 |
| Провизија за платен промет | 980 | 556 |
| Останати расходи | 1.440 | 1.467 |
| **Вкупно** | **9.876** | **6.841** |

## 7. ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Интелектуални и други услуги | 19.207 | 3.722 |
| Персонален данок | 1.872 | 509 |
| **Вкупно** | **21.079** | **4.231** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Опрема | 571 | 48 |
| **Вкупно** | **571** | 48 |

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Плати | 4.729 | 2.443 |
| **Вкупно** | **4.729** | **2.443** |

ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ Скопје

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016**

**сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 10. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2015** | **3.663** | **3.663** |
| Набавки | 48 | 48 |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **3.711** | **3.711** |
| Набавки | 662 | 662 |
| **Состојба на 31 декември 2016** | **4.373** | **4.373** |
| **Акумулирана амортизација На 01 јануари 2015** | **3.156** | **3.156** |
| Амортизација | 221 | 221 |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **3.377** | **3.377** |
| Амортизација | 157 | 157 |
| **Состојба на 31 декември 2016** | **3.534** | **3.534** |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| **- 31 декември 2016** | **839** | **839** |
| **- 31 декември 2015** | **334** | **334** |

## 11. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ПОБАРУВАЊА

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Останати тековни побарувања | - | 101 |
| АВР | 309 | 744 |
| **Салдо на 31 декември** | **309** | **845** |

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 4.461 | 8.328 |
| Благајна | 55 | 62 |
| Девизна сметка | 2.768 | - |
| **Салдо на 31 декември** | **7.284** | **8.390** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2016**

**сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 13. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 839 | 334 |
| Вишок на приходи над расходи во тековната година | 6.975 | 8.377 |
| **Состојба на 31 декември** | **7.814** | **8.711** |

## 14. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 618 | 852 |
| **Салдо на 31 декември** | **618** | **852** |

## 15. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| Останати краткорочни обврски | - | 6 |
| **Салдо на 31 декември** | **-** | **6** |

## 16. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Со 31 Декември 2016 година организацијата нема вонбилансна изложеност.

## 17. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.

# ЗА МОСТ

**Граѓанската асоцијација МОСТ** е домашна, граѓанска и непартиска организација, формирана во мај 2002-ра година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.

**Визија**
Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

**Мисијата на МОСТ** е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

> ***МОСТ** верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да игра значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.*

Од почетокот на своето постоење, организацијата игра значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 30.000 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

**Цели на организацијата**

- Да се поттикнат и мобилизираат граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија на национално и локално ниво;
- Да се поддржуваат напори и организираат активности за реформирање на институциите и процесите со цел тие да станат поодговорни, потранспарентни и поотворени кон потребите на граѓаните;
- Да се зајакне капацитетот на граѓанското општество со цел истото да овозможи гласност и простор за граѓанска акција на одржлива основа.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности во **МОСТ** ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Отворени институции;
- Едукација и вклучување на граѓаните и
- Одговорност и транспарентност.

Првиот проект на организацијата којшто ги надмина очекувањата беше "Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година", што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано вкупно 11 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво, како и 4 референдуми и претставува значаен фактор кој придонесува кон поголемо ниво на транспарентност на истите.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, **МОСТ** работи и на полето на поттикнување и мобилизирање на граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија, со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Поддржувањето напори и организирањето активности за реформирање на институциите и процесите беше еден од предизвиците со кои **МОСТ** се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.